Република Северна Македонија
Општина Неготино
Градоначалник

Број 11-160/1
Дата 09.02.2026

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Ацо Аџи Илов,бр.2
1440 Неготино
Република Северна
Македонија

Тел. (043) 361- 045
Факс: (043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

Врз основа на член 65(6) од Законот за животна средина („Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18)и („Службен Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Градоначалник на Општина Неготино донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

Член 1

За планскиот документ **Детален урбанистички план за Урбана единица 4, дел од Блок 13 (помеѓу улиците Маршал Тито, Ставре Ставрев и Ацо Аџи Илов) согласно ГУП за Град Неготино (Одлука бр. 08-562/3 од 06.11.2020 год.), Општина Неготино,** не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

Член 2

Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Неготино http:/www.negotino.gov.mk.

Член 3

Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата,содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Детален урбанистички план за Урбана единица 4, дел од Блок 13 (помеѓу улиците Маршал Тито, Ставре Ставрев и Ацо Аџи Илов) согласно ГУП за Град Неготино (Одлука бр. 08-562/3 од 06.11.2020 год.), Општина Неготино,** нема да има влијание врз животната средина.

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**
**Градоначалник**

Имајќи ги предвид сите просторни,технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираните градби во третираниот простор,со намена,се исти како и постојните функции и намени, како и фактот дека за околните Детални урбанистички планови претходно се добиени мислења според кои не постојат основни индиции дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и на просторот во непосредна околина.

Член 4

Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерот кој работи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животната средина и просторно планирање , во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на вебстраната.

Контролирал:Весна Ѓорчева
Одобрил:Методи Данаилов

Градоначалник на
Општина Неготино

Марија Нацева